Врз основа на Одлуката на Деканатската управа број 02-1455/3 од 22.12.2025 година, Деканот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје го објавува следниот

**КОНКУРС**
**за ангажирање студент на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје за потребите на Одделението за библиотечно работење и на Центарот за клиничка едукација - Центар за иновации во медиумите на Факултетот**

Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје распишува конкурс за избор на 1 (еден) студент кој ќе биде ангажиран за технички активности во Одделението за библиотечно работење и во Центарот за клиничка едукација - Центар за иновации во медиумите на Факултетот во летен семестар во учебната 2025/2026 година и во зимски семестар во учебната 2026/2027 година.

Студентот кој ќе биде ангажиран, а кој е запишан на втор циклус студии, ќе биде ослободен од плаќање на школарината за летен семестар во учебната 2025/2026 година и за зимски семестар во учебната 2026/2027 година.

**1. Услови**

На овој конкурс може да се пријават:

- редовни студенти запишани на втор циклус студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2025/2026 година;

- студенти од семејства со пониски вкупни приходи, а предност ќе имаат студентите кои на прв циклус студии оствариле просек од најмалку 8,00.

**2. Потребни документи:**

Заинтересираните студенти до архивата на Факултетот треба да доставaт:

- Пријава по објавениот конкурс за ангажирање во Одделението за библиотечно работење на Факултетот, на образец кој што е во прилог на Конкурсот;
- Потврда за редовен студент и уверение за положени испити, кои што се добиваат од Службата за студентски прашања, без надоместок за потребите на Конкурсот;
- Уверение од Управата за јавни приходи (УЈП) за 2024 година, со кое се докажува материјалната положба на семејството.

Поднесувањето на потребните документи ќе може да се изврши секој работен ден, во Архивата на Факултетот, од денот на објавување на Конкурсот, а најдоцна заклучно со 02.01.2026 година.

**3. Избор**

Предност при изборот ќе имаат студентите кои кумулативно имаат најниски вкупни приходи во семејството за 2024 година и остварен просек на прв циклус студии од најмалку 8,00.

**4. Дополнителни информации**

За дополнителни информации во врска со Конкурсот кандидатите ќе може да се обратат кај м-р Александар Јордев, раководител на Одделение за студентски прашања, правни и општи работи на e-mail: a.jordev@pf.ukim.edu.mk

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје**

# ПРИЈАВА

## НА КОНКУРС ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА СТУДЕНТ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА БИБЛИОТЕЧНО РАБОТЕЊЕ И НА ЦЕНТАРОТ ЗА КЛИНИЧКА ЕДУКАЦИЈА - ЦЕНТАР ЗА ИНОВАЦИИ ВО МЕДИУМИТЕ НА ФАКУЛТЕТОТ

Од ________________________________________, редовен студент во

____________ семестар, во _______________ студиска година, учебна 2025/26 година,

со број на досие ________.

Вкупни приходи на семејството во 2024 година __________________ (бруто износ).

Остварен просек во текот на студиите __________________ (на прв циклус студии).

Забелешка _____________________________.

**Во прилог на Пријавата доставувам:** (да се заокружи редниот број пред документот)

1. Потврда за редовен студент;

2. Уверение за положени испити;

3. Уверение од УЈП за 2024 година за студентот кој поднесува пријава за Конкурсот;

4. Уверение од УЈП за 2024 година за двата родители;

5. Уверение од УЈП за 2024 година за еден родител со соодветен документ за ваквата состојба; (доколку студентот кој поднесува пријава за Конкурсот е со еден родител)

6. Уверение од УЈП за 2024 година за брачниот другар; (доколку студентот кој поднесува пријава за Конкурсот е во брак)

Скопје, _______________ година

Подносител,

Име и презиме и потпис

**Напомена:**

Пријавата со документите за Конкурсот се доставуваат во Архивата на Факултетот.

Студентите кои поднесуваат пријава и документи за Конкурсот, не плаќаат за издавање на потврда за редовен студент и за уверение за положени испити.